# КОМЕНТАР
# COMMENT

Бр./No.29

THINK TANK FUND
SUPPORTING POLICY RESEARCH

Оваа публикација е произведена со поддршка од Open Society Think Tank Fund (TTF). TTF може да не се согласува или да не ги одобрува мислењата изразени во оваа публикација.



**На економскиот дел од Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија**

**8. Октомври 2020**

[Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија]() ја потврдува и поддржува одлуката на Европската Комисија за отварање на преговори за пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ донесена на 26. Март 2020. Извештајот ги нагласува напорите и напредокот во однос на судството, борбата со корупцијата и организираниот криминал, реформата во разузнавањето и јавната администрација и особено значајниот напредок во делот на исполнувањето на политичките критериуми. Извештајот дава **реалистична слика за состојбата со македонската економија, нотирајќи „ограничен" напредок, за разлика од пред една година кога констатираше „некаков" напредок.**

Споредено со оценката во претходниот извештај, напорите и потезите на носителите на економските политики се **вреднети на сличен начин.** Недостатокот од долгорочни потези во економските одлуки укажува дека напредокот во економските политики и реформи **и понатаму стагнира.**

Finance Think оценува дека, додека Извештајот врши експлицитно и недвосмислено вреднување на преземените чекори во делот на судството, борбата со корупцијата и организираниот криминал, реформата во разузнавањето и јавната администрација, **оценката за економските политики е компаративно послаба, што главно произлегува од недоволната фокусираност на економските политики на долгорочниот развој на економијата.** На објективната страна, справувањето со економските и социјалните последици од Ковид-19 кризата и предвремените парламентарни избори придонесоа напорите за испорачување повисоки економски резултати и животен стандард да бидат поткопани. На субјективната страна, напорите на владата за „нова развојна економија" како основа за економска визија и нова рамка за економскиот раст треба допрва да бидат евалуирани во поглед на нивната изводливост и конзистентност, но може да претставуваат солидна точка за врамување долгорочна економска визија.

Finance Think – 2020 All right reserved.

Finance Think смета дека Извештајот внимателно го забележува напредокот на одредени владини економски потези и соодветноста на владината реакција во Ковид-19 кризата, но нотира значајни слабости во поглед на управувањето со јавните финансии и мерките за подигнување на конкурентноста на земјата. Поконкретно:

- Како и во претходните извештајни циклуси, Извештајот позитивно го оценува **задржувањето на макроекономската стабилност, но го нагласува ударот на КОВИД-19 кризата врз растот и вработеноста посебно врз надворешната трговија;** Исто така, Извештајот позитивно ја оценува **монетарната политика, финансиската стабилност, и растот на кредитирањето, иако постојат недостатоци во поглед на пазарната концентрација, диверзификацијата и ограниченоста на финансиските пазари.**

- Додека значаен напредок се забележува во фискалната транспарентност, постојат слабости во поглед на **управувањето со јавните финансии.** Неефикасностите при наплатата на даноците, големиот број даночни ослободувања и сивата економија негативно се одразуваат врз приходната страна. Додека, брзоплетоста во даночните реформи укажува на недостиг од долгорочно планирање на фискалните политики. Од друга страна, Ковид-19 силно се одрази врз зголемувањето на буџетскиот дефицит што креира притисок врз стабилноста на јавниот долг.

- Извештајот дава коректна забелешка во однос на општата **структура на јавните расходи,** која забележа влошување (пораст на социјалната компонента на буџетот на сметка на развојната компонента). Иако ова е долгодискутирана тема и во домашната јавност, сепак, ваквата состојба нема значително да се промени во претстојниот период, главно поради: 1) **продолжувањето со подреализацијата на капиталните расходи на државата** (види, ФТ Став бр. 33 за државните капитални инвестиции), 2) зголемувањето на трошењата за **социјалните трансфери** (реформата на системот за социјална помош во насока на зголемување на социјалната помош, субвенционирањето на минималната плата и растот на платите и сл.), и 3) финансирањето на **мерките сврзани со Ковид-19** кои имаат нагласена социјална компонента (види Бриф за политиките бр. 41: Дали беше неопходна финансиската поддршка на фирмите за задржување на работните места во време на Ковид-19?). Во секој случај, констатацијата во Извештајот сврзана со структурата на јавните расходи, без соодветна квантификација и препорака за понатамошното однесување и дејствување на засегнатите носители на политиките, бара понатамошно оформување.

- Слично, Извештајот не дава доволно-јасна квалификација за повлечената реформа кај данокот на личен доход, иако укажува дека заедно со пензиската реформа од 2018 ќе ги подобреа буџетските приливи на среден рок. Сепак, **посеопфатна оценка за големината (економска и политичка), опфатот и тајмингот на даночната реформа не е понудена,** а со цел аргументацијата да ги рефлектира сите постојни докази и дискусија во домашната експертска јавност (види и ФТ Став бр. 35 за предложената даночна реформа и Студија за политиките 24: Добар или

Finance Think – 2020 All right reserved.

лош данок? Оценка на раните ефекти од прогресивниот и повисок данок на доход во Северна Македонија).

- Долгорочноста во планирањето на јавните финансии и понатаму се оценува како слаба точка. **Среднорочното буџетско планирање, поставувањето фискални таргети и независни фискални тела** е се`уште само план.

- **Парафискалните давачки** повторно се нотирани како значаен товар за бизнис секторот, што е целосно во линија со наодите од нашата Студија за политиките 26: Експлоративна анализа на парафискалните давачки за малите и средните претпријатија во Северна Македонија. Напорите што моментално ги презема владата во оваа насока се позитивни, иако рационализацијата на парафискалните давачки мора да биде специфична, осмислена и поддржана, наместо линеарна.

- Извештајот јасно укажува дека **зголемувањата на минималната плата, недостигот од квалификувана работна сила и ниските инвестиции во инфраструктура** негативно се одразуваат врз продуктивноста на трудот и конкурентноста на земјата. Во поглед на минималната плата, ваквиот став е, во голема мера, во линија со ставот на домашната експертска јавност, на пример, види ФТ Став бр. 38 за најавите за зголемување на минималната плата. Finance Think смета дека постои голем простор за соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор за развој на дуалното образование и намалување на неусогласеноста на пазарот на труд.

- Извештајот евидентира дека странските директни инвестиции придонесуваат кон секторска диверзификација на економијата, но ја нагласува **недоволната соработка помеѓу домашните и странските компании во структурата на синџирот на набавки.** Во нашата Студија за политиките бр. 19: Премостување на јазовите и искористување на потенцијалите: Домашните МСП во синџирот на снабдување на мултинационалните компании во земјата ги детектиравме јазовите помеѓу домашните и странските компании во земјата и предложивме мерки за подобрување на процесот на стандардизација, зголемување на капацитетите на домашните компании и поедноставување и намалување на увозните процедури и давачки.

- Извештајот позитивно го оценува развојот во енергетиката, во однос на **либерализацијата на пазарот** која е скоро комплетна, но има забелешки за **ефикасноста и диверзификацијата на изворите на енергија.** Finance Think детално ја разгледа Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година и соодветната литература, при што детектира можност за јавно-приватно финансирање за реализација на проекти поврзани со обновливи извори на енергија, по примерот на земјите од Азискиот регион.

- Долгорочните слабости на економијата се повторно забележани, пришто кај дел од нив се забележуваат чекори за нивно адресирање. Сепак, клучните проблеми сврзани со **високата сива економија и извршувањето на договорите** (поврзано со ефикасноста и непристрасноста на судскиот систем) остануваат. Особено загриженоста за високото учество на сивата економија и

Finance Think – 2020 All right reserved.

неповолниот ефект врз формалните компании, и понатаму се провлекува како значајна забелешка.

Во останатиот дел, Извештајот се фокусира на останатите долгорочни слабости на економијата, како што е **слабите образовни исходи и потребите од образовни реформи, потребата од поголеми инвестиции во истражување и развој и во дигитализација на економијата**, кои засега остануваат недоволно искористени.

Finance Think – 2020 All right reserved.